Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС
Служба за услуги од социјална заштита

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 21 -02- 2025

| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 25 - | 31/8 | | |

Архивски број: 03-1968/2
Датум: 21.02.2025

До: Општина Велес
Општински совет за превенција на детско престапништво

Врска: Ваш број: 25-31/7

Предмет: номинирање член

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 25-31/7 , за номинирање член, претставник од ЈУ МЦСР Велес во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Велес, Ве известуваме дека номиниран стручен работник од ЈУ МЦСР Велес е Маре Амбаркова, стручен работник – педагог.
Контакт телефон на Маре Амбаркова 070/931-911, e-mail Mare.Ambarkova@mtsp.gov.mk
Ви посакуваме успешна работа и добра соработка!

Со почит,

Изработил: Биљана Домазетова
Контролирал:
Одобрил:

ВД Директор
Нада Трајкова


Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk

Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), член 22 став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09, 18/10, 14/15, 15/18, 06/19 и 8/21), а согласно Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.03/12 и 03/14),

Советот на Општина Велес на 62-та седница одржана на ден __.03.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член**
**на Општинскиот совет за превенција од детско**
**претстапништво на Општина Велес**

1.За член на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес се именува:

-Маре Амбаркова – преставник од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р

**Образложение**

На ден 21.02.2025 година од страна на ЈУМЦСР Велес до Општина Велес доставен е допис за номинирање на член во Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво со бр.25-31/8.

На седница одржана на ден 29.02.2012 година, Советот на Општина Велес донесе Одлука за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес бр.07-1280/6 од 01.03.2012 година(,,Службен гласник на Општина Велес бр. 03/12).

Со Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес на Советот на Општина Велес бр. 07-2426/4 од 14.03.2014 година терминот од малолетничко се замени со детско. (,,Службен гласник на Општина Велес бр. 03/14).

Мандатот на членовите е 5 (пет) години, со право на повторен избор. Членовите на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес, на својата прва седница избираат претседател, кој ќе го претставува Општинскиот совет.

Со решение за разрешување и именување на член на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес бр. 25-4830/7 од 10.12.2019 година се разрешува Габриела Јаневска Гиовска а се именува Маре Амбаркова -претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес.

Поради истечен мандат на претсавникот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, установата достави нов предлог и од тие причини се предлага донесувањето на ова Решение.

За својата работа членовите на Општинскиот совет се должни еднаш годишно да го известуваат Советот на Општина Велес.